Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за животна средина
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Бр. - Nr 15-981/3
19.09.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина

[redacted]

Архувски број: 15-981/3
Дата:19.09.2022 ,
Скопје,


Република Северна Македонија
Државен инспекторат
животна средина

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија

Е-пошта: v.ljateva@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk


До:
Општина Дојран
Градоначалник- г-ин Анго Ангов

**Предмет** : Известување,

Почитувани,

Ве известуваме во врска со Вашето Барање со бр. 12-629/2 од 23.08.2022 година, дека од страна на Државниот инспекторат за животна средина извршен е Вонреден инспекциски надзор на крајбрежјето на Дојранско езеро на место викано Ѓурлук атар на с. Николиќ општина Дојран. Увидот е направи на земјоделско земјиште со површина од околу 5800 м2 во место викано Ѓорлук - КО Николиќ, сопственост на физичкото лице Стевче Ристов. При увидот на самата локација беше присутен Стевче Ристов кој изјави дека при изградбата на градежниот објект со основица со површина од околу 120 м2 за кој поседува соодветна документација , а кој објект е на оддалеченост од околу 100 метри од брегот на Дојранско Езеро, извршил уредување на теренот со што посипал дел од материјалот (песок) према брегот на Дојранско Езеро на неговиот имот на КП 1631 и КП 1634 со што дел од трската е оштетена (ја нема). При увидот се констатира дека на одредени места од горенаведените катастарски парцели трската се обновува – изникнува.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

[redacted]


Република Северна Македонија
Државен инспекторат животна средина

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија

Е-пошта: v.ljateva@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk


Согласно надлежностите што произлегуваат од член 172 од Законот за заштита на природата (Сл. весник на РСМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, и 151/21) и членовите 8 и 9 од Законот за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата (Сл. весник на РМ бр. 51/11), а во врска со член 200 став 2 и 3 од Законот за животна средина (Сл. весник на РСМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 99/18, 89/22 и 171/22), Државниот инспектор за животна средина му издаде Решение со задолжување на физичкото лице Стевче Ристов, на место викано Ѓорлук с. Николиќ општина Дојран на КП 1631 и КП 1634 да преземе мерки за доведување во претходна или задоволителна состојба.

Согласно член 108 од Законот за заштита на природата како и членовите 5 и 6 од Законот за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата, непосредна заштита на заштитените подрачја ја спроведува чуварска служба основана или определена од субјектите кои, согласно со одредбите на овој закон и актите за прогласување, се задолжени за вршење на работите на управувањето со заштитените подрачја.

Со почит,

**Изработил: Пејо Кировски - Државен инспектор за животна средина**

**ДИРЕКТОР**
**М-р. Сретен Стојковски**

Република Северна Македонија Државен инспекторат за животна средина Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor Shkup

**Доставено до** :
- Архива
- Општина Дојран,